# ДОДАТОК 1

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

## ЗА ДЕЛОВНАТА 2020 ГОДИНА

**СКОПЈЕ, АПРИЛ, 2021 ГОДИНА**

СОДРЖИНА

МАКРОЕКОНОМСКО И МОНЕТАРНО ОПКРУЖУВАЊЕ ..........3

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРУШТВОТО ..........3

УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИК ..........4-5

БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА..........5

ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ ..........5

ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА..........6

ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА..........6

ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ..........7

СТРУКТУРА НА ПРИХОДИТЕ ОД РЕДОВНОТО РАБОТЕЊЕ ( ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ )..........7-8

РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО..........8

СРЕДСТВА И ИЗВОРИ НА ДРУШТВОТО..........9

ДОЛГОРОЧЕН ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНАТА ГЛАВНИЦА..........9

## МАКРОЕКОНОМСКО И МОНЕТАРНО ОПКРУЖУВАЊЕ ВО 2020 ГОДИНА

Во 2020 година глобалната економија се соочи со новите предизвици кои ги наметна COVID 19 пандемијата.

Во услови на значајно влошување на меѓународното економско опкружување и негативните економски импликации од спроведувањето на мерките за спречување на ширење на корона вирусот во нашата Држава, економската активност во 2020 година забележи пад.

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје во текот на 2020 година својата активност ја остваруваше во согласност со Планот на мерки и активности на деловната политика на друштвото за тековната година, а притоа соочувајќи се и со новите мерки кои ги налагаа COVID 19 протоколите во извршувањето на својата активност.

### ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРУШТВОТО

Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА е основано и работи во Република Северна Македонија. Скратениот назив на Друштвото гласи: ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје.

| | |
|---|---|
| Назив на друштвото | Акционерско друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје |
| Седиште и адреса | Ул.Македонија 11-А, Скопје |
| Телефон и факс | 3235-122, 3235-146 |
| Адреса на електронска пошта | contact@lotarija.com.mk |
| Адреса на интернет страна | www.lotarija.com.mk |
| Правен статус | Акционерско друштво |
| Матичен број | 4064526 |
| Шифра на дејност | 68.20 |
| Број на решение од Централниот Регистар | Трег.бр.5894/98 Регистарска влошка 02006654?4-09-000,<br>Дел.бр. на последна промена:<br>- 35020190012289 од 23.05.2019 |
| Датум на основање (месец и година) | 12.1972 |
| Систем на управување | Едностепен |

## УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИК

Во своето работење ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје е изложена на повеќе видови на финансиски ризици, како што се : пазарен ризик, кредитен ризик, ризик од промена на каматните стапки и ризик од неликвидност. За управување со финансиските ризици е надлежен Одборот на директори. Основата на управувањето со финансиските ризици се состои во изнаоѓање начини за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти.

### Пазарен ризик

- **Ризик од промени на девизниот курс**

Друштвото не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Северна Македонија. Поради тоа, Друштвото е изложено на ризик поврзан со можните флуктуации на курсевите на странските валути.

- **Ризик од промена на цените**

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје е изложена на ризик од промена на пазарните цени на вложувањата расположливи за продажба, бидејќи овој вид на ризик е надвор од контрола на Друштвото.

### Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога купувачите на неговите услуги нема да можат да ги извршат своите обврски.
Побарувањата од купувачите во Друштвото вклучуваат побарувања од поголем број купувачи со умерени салда, што претставува спроведување на политиката на дисперзија на побарувањата на поголем број купувачи со цел да се избегне зависноста од мал број на купувачи.

### Ризик од промена на каматните стапки

Ризикот од промена на каматите се јавува кога ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје користи кредити. Обврските по кредити вообичаено се отплатуваат по променливи каматни стапки.
ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје нема посебна политика за намалување на каматниот ризик и истиот го регулира преку директни преговори со банките.

**Ризик од неликвидност**

Ризикот од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба навремено да ги плаќа обврските кон доверителите и кредиторите.
ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје нема ликвидносни проблеми во работењето затоа што води политика на навремено обезбедување на потребните парични средства за плаќање на доспеаните обврски.

**БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА**

Акциите на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје котираат на Официјален пазар на Македонска берза АД Скопје. Заклучно со 31.12.2020 година Друштвото има 16.000 сопствени акции.

**ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ**

Собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје го сочинуваат акционери-сопственици на акционерскиот капитал. Основната главнина на друштвото е поделена на 161.540 обични акции.

Управувањето на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје е организирано според едностепен ситем на управување. Одборот на директори е составен од 4 члена.

Во текот на 2020 година Одборот на директори на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје одржа 12 состаноци.

На членовите на Одборот на директори на Друштвото, согласно Одлуката на Собранието им се исплаќа месечна награда во износ на просечна плата во Државата. На тројца членови бруто износ е 947.124,00 денари. На Генералниот извршен директор, кој е во редовен работен однос во ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, согласно менаџерскиот договор, за 2020 година му е исплатена бруто плата во износ од 1.322.552,00 денари, и други надоместоци од работен однос во бруто износ од 11.922,00 денари.

Примањата на членовите на Одборот на директори по основ на членување во органи на управување во други Друштва во извештајната 2020 година во бруто износ изнесуваат 3.908.607,00 денари.

Примањата на неизвршните членови на Одборот на директори по основ на бруто плата кај друг работодавец изнесуваат 3.561.432,00 денари.

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Внатрешната ревизија е независна активност која обезбедува објективно испитување на ефикасност и адекватност на активностите на Друштвото, како и советодавна активност со цел да се обезбеди и подобри квалитетот на секојдневното работење на Друштвото. Во 2020 година извршените ревизиии беа согласно донесениот план за работа.

Ревизиите се извршени, и Одборот на директори беше информиран за спроведените ревизии преку доставување на извештаи, кои беа во рамки на планираните активности во Годишниот план за 2020 година. За спроведените ревизии изготвен е посебен извештај, во согласност со Законот, кој е доставен на разгледување до акционерите на Собранието на Друштвото.

Врз основа на наодите од извршените поединечни ревизии во текот на 2020 година, ревизијата го потврди стекнатото разумно убедување дека системите за внатрешна контрола, кои се неопходни за да се пресретнат клучните ризици во друштвото се воспоставени и функционираат. Во тековната 2020 година по спроведените ревизии, не се предложени препораки, кои би требало да бидат имлементирани.

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА

Управувањето на Друштвото, согласно Законот за трговските друштва, е организирано според едностепен систем на управување-Одбор на директори, и во текот на 2020 година ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје своите деловни активности ги остваруваше преку следните органи на Друштвото:

- Собрание на акционери,
- Одбор на директори и
- Генерален извршен директор.

Организационата поставеност на Друштвото ги опфаќа следниве Сектори и Служби:

- Служба за внатрешна ревизија,
- Сектор за општи и правни работи,
- Служба за финансиски работи,
- Служба за продажба.

На крајот од деловната 2020 година Друштвото брои 6 вработени од кои 3(три) се жени, а 3(три) се мажи.

Квалификационата структура е следна:

| Ред.број | Вид на квалификација | Број на вработени | Процентуално учество |
|---|---|---|---|
| 1. | ВСС | 3 | 50,00 |
| 2. | ВШС | 1 | 16,67 |
| 3. | ССС | 2 | 33,33 |
| | Вкупно: | 6 | 100,0 |

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје во деловната 2020 година оствари позитивен финансиски резултат со нето добивка по оданочување од 6.642.736,00 денари.

Табеларен приказ на резултатите од работењето

| Ред. бр. | Позиции | Остварени резултати во 2019 година | Остварени резултати во 2020 година | Индекс 2020/ 2019 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Оперативни приходи од работењето | 35.202.489,00 | 28.288.738,00 | 80,36 |
| 2. | Оперативни расходи од работењето | 22.863.749,00 | 20.586.958,00 | 90,05 |
| 3. | Финансиски приходи | 690.839,00 | 138.472,00 | 20,05 |
| 4. | Финансиски расходи | 1.246.826,00 | 179.500,00 | 14,40 |
| 5. | **Добивка пред оданочување** | **11.782.753,00** | **7.660.752,00** | **65,02** |
| 6. | Данок на добивка | 1.242.554,00 | 1.018.016,00 | 81,93 |
| 7. | **Добивка за финансиска година** | **10.540.199,00** | **6.642.736,00** | **63,03** |

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје во 2020 година има остварено вкупно приходи во износ од 28.427.210,00 денари. Овие приходи за овој извештаен период се составени од:

- оперативни приходи (приходи од тековното работење) во износ од 28.288.738,00 денари кои учествуваат со 99,51 % во вкупните приходи;
- финансиски приходи во износ од 138.472,00 денари кои учествуваат со 0,49% во вкупните приходи.

Во извештајната 2020 година бележиме намалување на оперативните приходите во однос на 2019 година за 19,64%, а за финансиските приходи (приходи од камати, и останати финансиски приходи) бележиме пад за 79,95%.

## СТРУКТУРА НА ПРИХОДИТЕ ОД РЕДОВНОТО РАБОТЕЊЕ ( ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ )

| Ред. број | Оперативни приходи | 2019 | 2020 | Индекс (2020/2019) | Структура (за 2020) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од закуп | 26.605.252,00 | 23.772.030,00 | 89,35 | 84,03 |
| 2. | Приходи од оне.Вип/А1 Македонија- производи | 521.147,00 | / | / | / |
| 3. | Други приходи | 8.076.090,00 | 4.516.708,00 | 55,93 | 15,97 |
| | **Вкупно** | **35.202.489,00** | **28.288.738,00** | **80,36** | **100%** |

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД во извештајната 2020 година има остварено приходи од редовно работење – оперативни приходи во износ од 28.288.738,00 денари што е пад од 19,64% во однос на 2019 година.

Во структурата на приходите од редовното работење - оперативите приходи доминантно учество од 23.772.030,00 денари или 84,03% имаат приходите од закуп. Основната дејност на Друштвото во 2020 година е издавање под закуп на деловни простории. Овие приходи во 2020 година бележат пад од 10,65% во однос на 2019 година.

Другите оперативни приходи во износ од 4.516.708,00 денари учествуваат со 15,97% во вкупните оперативни приходи и тие во 2020 година бележат пад во однос на 2019 година од 44,07%. Во оваа група спаѓаат приходите од наплата на отпишани побарувања, приходи од наплатени штети, приходи од продажба на постојани средства и други.

## РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО ВО 2020 ГОДИНА

| Ред. број | Расходи од работењето | 2019 | 2020 | Индекс (2020/2019) | Структура (за 2020) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавна вредност на трговски стоки | 91.200,00 | / | / | / |
| 2. | Трошоци за суровини и други материјали | 93.631,00 | 101.220,00 | 108,11 | 0,48 |
| 3. | Услуги со карактер материјални трошоци | 9.795.332,00 | 6.478.530,00 | 66,14 | 31,20 |
| 4. | Трошоци за вработените | 5.100.662,00 | 4.193.106,00 | 82,21 | 20,20 |
| 5. | Амортизација на материјални и нематеријални средства | 5.245.636,00 | 5.232.785,00 | 99,76 | 25,20 |
| 6. | Вредносно усогласување на нетековни и тековни средства | 313.573,00 | 2.211.366,00 | 705,22 | 10,64 |
| 7. | Останати трошоци од работењето | 2.223.715,00 | 2.369.951,00 | 106,58 | 11,41 |
| | **Вкупно оперативни расходи** | **22.863.749,00** | **20.586.958,00** | **90,05** | **99,13** |
| 1. | Расход по основ на камати и курсни разлики | 1.241.432,00 | 179.500,00 | 14,46 | 0,87 |
| 2. | Останати финансиски расходи | 5.394,00 | / | / | / |
| | **Вкупно финансиски расходи** | **1.246.826,00** | **179.500,00** | **14,40** | **0,87** |
| | **Вкупно расходи** | **24.110.575,00** | **20.766.458,00** | **86,13** | **100,00** |

Вкупните расходи од работењето во 2020 година изнесуваат 20.766.458,00 денари и бележат пад од 13,87% во однос на 2019 година.

Вкупните расходи се состојат од:

- Оперативни расходи (расходи од редовното работење) во износ од 20.586.958,00 денари кои бележат намалување во однос на 2019 година од 9,95%, и истите во вкупните расходи учествуваат со 99,13%.
- Финансиски расходи во износ од 179.500,00 денари кои бележат намалување за 85,60% во однос на 2019 година и истите во вкупните расходи учествуваат со 0,87%.

Во структурата на оперативните расходи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД во 2020 година има намалување на следните расходи: услуги со карактер на материјални трошоци (33,86%) трошоците за вработените (17,79%), амортизацијата (0,24%).

**СРЕДСТВА И ИЗВОРИ НА ДРУШТВОТО**

Согласно Билансот на состојба вредноста на активата (средствата) и на пасивата (изворите) на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД во 2020 година изнесуваат 326.329.772,00 денари, и во однос на 2019 година бележат пад од 2,42%.

Структурата на средствата покажува учество на нетековните средства од 96,63%, а на тековните средства од 3,37% во вкупните средства во 2020 година. Нетековните средства бележат пад за 2,40% во споредба со 2019 година, а тековните средства бележат пад за 3,14% во споредба со 2019 година.

Краткорочните побарувања кои во 2020 година изнесуваат 4.535.247,00 денари бележат пораст од 3,01% во однос на 2019 година.

Структурата на изворите во 2020 година покажува учество на главнината и резервите со 98,73%, а на обврските со 1,27% во вкупните извори.

Вкупните обврски во 2020 година изнесуваат 3.883.090,00 денари и покажуваат пад од 79,15% во однос на 2019 година. Од вкупните обврски на долгорочни обврски отпаѓаат 1.982.369,00 денари кои покажуваат пад од 84,88% во однос на 2019 година. Краткорочните обврски изнесуваат 1.900.721,00 денари и бележат пад од 65,52% во однос на 2019 година.

**ДОЛГОРОЧЕН ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНАТА ГЛАВНИЦА**

Долгорочниот долг, односно долгорочните кредити на 31.12.2020 година ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД немаше.

**Јасмина Цветаноска**
**Генерален извршен директор**
**ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД**